Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:22.12.2023 16:21:41
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 275** **22 декември 2023, петок** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4757. | **Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор и Шеф на Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Меѓународните организации во Виена……….. | 3 |
| 4758. | **Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ... | 3 |
| 4759. | **Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Кралството Шведска ............. | 3 |
| 4760. | **Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија за Кнежевството Андора ........... | 3 |
| 4761. | **Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Романија ................................ | 4 |
| 4762. | **Указ** за поставување на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Чешката Република .............. | 4 |
| 4763. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската Комисија(*)................. | 4 |
| 4764. | **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија ... | 8 |
| 4765. | **Одлука** за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Крушево ................................. | 8 |
| 4766. | **Одлука** за продажба на движни ствари-меркантилна пченица............ | 8 |
| 4767. | **Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија .......................... | 8 |
| 4768. | **Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија .......................... | 9 |
| 4769. | **Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија .......................... | 9 |
| 4770. | **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „Кафтанџица“, Општина Битола .................................... | 10 |
| 4771. | **Одлука** за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – дијабаз на локалитетот „Корешница“, Општина Демир Капија од Градежното друштво Гранит АД Скопје на Друштвото за трговија и услуги АКВА РИВЕР ДООЕЛ Охрид .................................... | 10 |

Стр.

4772. **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Голем дол“, Општина Сопиште ................................ 10
4773. **Одлука** за изменување на Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија.................. 11
4774. **Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија ......................... 11
4775. **Одлука** За престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје…... 11
4776. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект во објект Г.П. 4.17 ДУП Градска четврт И О4, Даре Џамбаз, Општина Центар во Скопје................................................. 17
4777. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објект во објект Г.П. 4.17 ДУП Градска четврт И О4, Даре Џамбаз, Општина Центар во Скопје................................................. 17
4778. **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги КАНАБИС – ПРО ДОО увоз-извоз Струмица ................................. 17
4779. **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на Одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за агрикултура и фармација СЕЈФ ФАРМА ДООЕЛ увоз-извоз с.Бистренци Демир Капија ................ 17
4780. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид ............................ 18
4781. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип ............. 18
4782. **Одлука** за доделување на средства на Средно општинско училиште „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод........... 18
4783. **Одлука** за доделување на средства на Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“ Скопје.......................................... 18
4784. **Одлука** за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски“ Скопје .......... 19
4785. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје.................................. 19
4786. **Одлука** за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје ........................................ 19
4787. **Одлука** за доделување на средства на Средното општинско училиште „Митко Пенџуклински“ Кратово....... 20
4788. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Тетово“ Тетово ....................................... 20
4789. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје .......................... 20
4790. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје......... 20
4791. **Одлука** за доделување на средства на Јавна установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово ............................................ 21
4792. **Одлука** за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар .......... 21
4793. **Одлука** за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес ....................... 21
4794. **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола ............................... 22
4795. **Одлука** за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци........... 22
4796. **Одлука** за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка ................... 22
4797. **Одлука** за доделување на средства на Средно општинско училиште со Ученички дом „Димитар Влахов“ Струмица ............................................ 22
4798. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана.................... 23
4799. **Програма** за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година ............................ 23
4800. **Одлука** за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји во првото тримесечје од 2025 година .... 24
4801. **Одлука** за изменување на Одлуката за извршување платежни трансакции ........ 24
4802. **Одлука** за изменување на Одлуката за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка на Република Северна Македонија .............................. 25
4803. **Одлука** од Агенција за електронски комуникации................................ 25
4804. **Одлука** од Агенција за електонски комуникации ..................................... 26
4805. **Одлука** од Агенција за електронски комуникации................................ 27
4806. **Правилник** за формата и содржината на барањето за регистрација на оператор, објект или погон со нуспроизводи од животинско потекло како и формата и содржината на барањето за одобрување оператор, објект или погон со нуспроизводи од животинско потекло .......................... 28
4807. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје…….. 29

Стр.

4808. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на електродистрибуција ДООЕЛ Скопје………………………….. **30**

4809. **Одлука** за одобрување на Правилата за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем…………………………… **32**

4810. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Националниот оператот на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје………………………... **33**

4811. **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт……………………………… **33**

**Огласен дел**………………………. **108**

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4757.**

**Указ број 104**
**21 декември 2023 година**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР И ШЕФ НА ПОСТОЈАНАТА МИСИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРИ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ВИЕНА**

I

Г. Пајо Авировиќ се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор и Шеф на Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Меѓународните организации со седиште во Виена.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1457/1
21 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

**4758.**

**Указ број 105**
**21 декември 2023 година**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА**

I

Г-а Катерина Ставреска се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со седиште во Лондон.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1458/1
21 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

**4759.**

**Указ број 106**
**21 декември 2023 година**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА**

I

Г. Џенк Сејфула се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Кралството Шведска, со седиште во Стокхолм.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1459/1
21 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

**4760.**

**Указ број 107**
**21 декември 2023 година**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА КНЕЖЕВСТВОТО АНДОРА**

I

Г. Едмонд Адеми се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија за Кнежевството Андора, со седиште во Мадрид.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1460/1
21 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

---

**4761.**
**Указ број 108**
**21 декември 2023 година**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РОМАНИЈА**

I

Г. Андреј Жерновски се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Романија, со седиште во Букурешт.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1454/1
21 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

---

**4762.**
**Указ број 109**
**21 декември 2023 година**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЧЕШКАТА РЕПУБЛИКА**

I

Г. Емил Крстески се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Северна Македонија во Чешката Република, со седиште во Прага.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-1455/1
21 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4763.**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА(*)**

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23 и 202/23), во членот 1 во ставот (2) по бројот „489“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 490, се додаваат три нови Прилози 491, 492 и 493, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11931/5
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32023R1419, CELEXбр. 32023R1420, CELEX бр. 32023R1427.

Прилог 491

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1419/2023 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Комплет од мали шолји (4 чашки) од фин порцелан, со нежна глазура, украсени со броеви изведени со уметничка типографија.<br><br>Шолјите немаат рачки. Тие се со висина приближно 6 cm и дијаметар приближно 5,5 cm.<br><br>Шолјите може да се користат како трпезен производ или како украси (на пример, за цвеќиња или свеќи). | 691110 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар.број 6911 и тар. подброј 691110 00.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, сетот од шолјие трпезен производ. Со својот изглед и предвидена употреба, го исполнува опфатотод тар. број 6911, кој ги опфаќа трпезните садови, кујнски садови и други предмети за домаќинство или за тоалетнаупотреба од порцелан.<br><br>Распоредувањето во тар. број 6913 какоукрасни производи е исклучено од причина што овој тар. број ги опфаќа трпезните садови и другите производи за домаќинство, само доколку употребната вредност на производот е јасно одредена со нивниот украсен карактер. Сетот од шолји суштински е направен за користење, додека украсната карактеристика е споредна и не ја намалува неговата употребна вредност. Оттука, неговата корисна употреба не е помала во споредба со другите производи одовој вид (Коментарски забелешки на ХС за тар. број 6913 точка (Б)).<br><br>Затоа, сетот од шолјитреба да се распореди во тарифен подброј 6911 10 00 како трпезни садови и кујнски садови од порцелан. |

Прилог 492

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 1420/2023 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Чинија од фин порцелан, со нежна глазура, украсена со буквиизведени со уметничка типографија. Чинијата е со дијаметар од приближно 20 cm.<br><br>Чинијата може да се користи како трпезен производ, или како украсза на ѕид (со употреба на куки за закачување на чинии, кои не се приложени со чинијата при увоз). | 691110 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар.број 6911 и тар. подброј 6911 10 00.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, чинијатае трпезен производ. Со својот изглед и предвидена употреба, го исполнува опфатот на тар. број 6911, кој ги опфаќа трпезните садови, кујнски садови и други предмети за домаќинство или за тоалетнаупотреба од порцелан.<br><br>Распоредувањето во тар. број 6913 какоукрасни производи е исклучено од причина што овој тар. број ги опфаќа трпезните садови и другите производи за домаќинство, само доколку употребната вредност на производот јасно е одредена со нивниот украсен карактер. Чинијата суштински е направена за користење, додека украсната карактеристика е споредна и не ја намалува неговата употребна вредност. Оттука, неговата корисна употреба не е помала во споредба со другите производи од овој вид (Коментарски забелешки на ХС за тар. број 6913 точка (Б)).<br><br>Затоа, чинијататреба да се распореди во тарифен подброј 6911 10 00 како трпезни садови и кујнски садови од порцелан. |

Прилог 493

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 1427/2023 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Плоснати валани лимови од нелегиран челик, со ширинапомеѓу 1 060 и 1 250 mm, намотани на макари. Лимовитесе обложени со неколку слојапремази на секоја од страните.<br><br>Облогата во контакт со челикот еалуминиум-цинк (лимовите се топло поцинкувани, а дебелината на слојот од алуминиум и цинк од двете страни еприближно 4 µm). Овој слој му дава на челикот поголема отпорност на атмосферска корозија.<br><br>Лимовитепотоа се префарбани. Тие сеобложени од едната страна со полимернабоја за прајмер (со дебелина од приближно 5 µm), а потоа со завршна полимерна боја (со дебелинаод приближно 16 µm). Од другата страна, се обложени со надворешна епоксидна полимерна боја (со дебелина од приближно 5 µm).<br><br>Лимовите се користат во градежната индустрија. | 721070 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XV, Забелешка 1 (и)од Глава 72 и наименуванијата на тар.број 7210, 7210 70 и тар. подброј 7210 70 80.<br><br>Во однос на неговите објективни карактеристики и својства, стоката ги исполнува условите од тар. број 7210, кој опфаќа плоснати валани производи, платинирани или превлечени.<br><br>За потребите на подброевите од тар. број 7210, производите кои имаат повеќе од еден тип на премазили облога, се распоредуваат согласно последниот процес на обработка (Коментарски забелешки на ХС за тар. број 7210, Забелешки за тар. подброеви).<br><br>Оттука, лимовите се распоредени во тар. подброј 7210 70 80 како плоснати валани производи од нелегиран челик со ширина од 600 mm или повеќе, обоени, лакирани или обложени со пластична маса. |

**4764.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија и тоа премер на објект кој се наоѓа на КП бр. 5449, КО Крушево, Општина Крушево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8511/6
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4765.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на Општина Крушево се пренесуваат во сопственост, без надоместок, недвижни ствари - објекти, кои се наоѓаат во место викано „Бозоец“ во с. Норово, на КП бр. 983, КО Норово, запишани во Имотен лист бр. 488, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр. 1, намена на зграда Е24, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 118 м2,
- зграда бр. 1, намена на зграда Е24, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ТС1, со внатрешна површина од 15 м2 и
- зграда бр. 2, намена на зграда Е24, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 15 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8513/5
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4766.**

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА**

Член 1

Да се изврши продажба на 9.155 тони меркантилна пченица од стоковните резерви, заради обновување.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења бр. СВ V–107/23 од 4.10.2023 година, во која е проценета вредноста на меркантилната пченица на износ од 161.576.907,00 денари, односно 17,65 ден./кг.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 17,65 ден./кг.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10719/6
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4767.**

Врз основа на член 15 став (2), а во врска со став (4) алинеја 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги Скај Солар ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Иван Аговски“ бр.11/1-10 Скопје, по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела кое има повеќе од 30% од градежната парцела, за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое претставува градежно неизградено земјиште на КП бр. 1503/1 со површина од 1772 м2, запишано во Имотен лист бр.114 за КО Петршино, согласно Извод од План број 392/22 за Урбанистички проект вон опфат на Ур-

банистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП бр.1512/2, 1512/3 1512/4 и дел од КП бр. 1512/5 и 1503, КО Петршино, Општина Пробиштип, донесен од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип со Одлука бр.10-332/7 од 2.5.2023 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште).

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Пробиштип, согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пробиштип („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/11).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11105/11
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4768.**

Врз основа на член 15 став (2), а во врска со став (4) алинеја 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги Скај Солар ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Иван Аговски“ бр.11/1-10, Скопје, по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела, кое има повеќе од 30% од градежната парцела, за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое претставува градежно неизградено земјиште на КП бр.38 со површина од 1995 м2, запишано во Имотен лист бр.3 КО Бучиште, согласно Извод од план бр.394/22 за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтачични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП бр.37, 38, 39, 40 и дел од КП бр.41, КО Бучиште Општина Пробиштип, донесен од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип со Одлука бр.10-335/7 од 2.5.2023 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште).

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Пробиштип согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пробиштип („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/11).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11106/11
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4769.**

Врз основа на член 15 став (2), а во врска со став (4) алинеја 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за производство, трговија и услуги Скај Солар ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Иван Аговски“ бр.11/1-10 Скопје, по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела кое има повеќе од 30% од градежната парцела, за градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува градежно неизградено земјиште на КП бр. 55/1 со површина од 20008 м2, запишано во Имотен лист бр. 218 за КО Бучиште, согласно Извод од План бр. 396/22 за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 55/1 и КП 54/1, КО Бучиште, Општина Пробиштип донесен од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип, со Одлука бр.10-341/7 од 28.4.2023 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште).

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Пробиштип согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Пробиштип („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/11).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11108/11
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4770.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23 и 253/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПОДЗЕМНА ВОДА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КАФТАНЏИЦА“, ОПШТИНА БИТОЛА**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „Кафтанџица“, Општина Битола, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „Кафтанџица“, Општина Битола бр.24-5644/1 од 13.11.2014 година на Заштитното друштво за производство, трговија и услуги ПЕЛАЛЕК Кикирковска Пандорка ДООЕЛ увоз-извоз Битола, престанува да важи заради ликвидација на концесионерот.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11651/7
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

**4771.**

Врз основа на член 47 став (12) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23 и 253/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ДИЈАБАЗ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КОРЕШНИЦА”, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ОД ГРАДЕЖНОТО ДРУШТВО ГРАНИТ АД СКОПЈЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АКВА РИВЕР ДООЕЛ ОХРИД**

1. Со оваа одлука се дава согласност за пренос на концесијата за експлоатација на минералната суровина – дијабаз на локалитетот „Корешница”, Општина Демир Капија од Градежното друштво ГРАНИТ АД Скопје на Друштвото за трговија и услуги АКВА РИВЕР ДООЕЛ Охрид, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот “Корешница”, Општина Демир Капија бр.24-5710/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот “Корешница”, Општина Демир Капија бр.24-5710/2 од 25.12.2014 година.

2. Концесијата од точка 1 од оваа одлука се пренесува на Друштвото за трговија и услуги АКВА РИВЕР ДООЕЛ Охрид, до рокот до кога е склучен Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Корешница”, Општина Демир Капија бр.24-5710/1 од 13.11.2014 година и Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот “Корешница”, Општина Демир Капија бр.24-5710/2 од 25.12.2014 година и под исти услови под кои е доделена со Договорот за концесија на Градежното друштво ГРАНИТ АД Скопје, освен во однос на висината и критериумите за определување на надоместокот за концесии за експлоатација на минерални суровини, кои ќе се утврдат врз основа на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

3. Како почеток на користење на пренесената концесија од точка 1 од оваа одлука ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за пренос на концесијата.

4. Надоместокот за давање на согласноста за пренос на концесијата во износ од 319.629,59 денари имателот на концесијата по извршениот пренос е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

5. Во име на Владата на Република Северна Македонија, договорот од точка 3 на оваа одлука ќе го потпише министерот за економија.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11734/8
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

---

**4772.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23 и 253/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГОЛЕМ ДОЛ“, ОПШТИНА СОПИШТЕ**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на ло-калитетот „Голем Дол“, Општина Сопиште, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Голем Дол“, Општина Сопиште бр.24-3949/9 од 16.9.2013 година на Трговското друштво за производство, проектирање и инженеринг ВАРДАРГРАДБА ДОО с.Трубарево Скопје, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11605/7
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4773.**

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20 и 302/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/23), во членот 1 бројот „50“ се заменува со бројот „57“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11134/9
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4774.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со електронско јавно наддавање да се оттуѓи градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое претставува ГП бр.1, составена од КП бр.754, КО Долно Количани, градежно неизградено земјиште со површина 10752 м2, запишано во Имотен лист бр.742, КП бр.1006, КО Долно Количани, градежно неизградено земјиште со површина 12534 м2, запишано во Имотен лист бр.743 и КП бр.1007, КО Долно Количани, градежно неизградено земјиште со површина 62027 м2, запишано во Имотен лист бр.780, Општина Студеничани, согласно Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП бр.754, КП бр.1006 и КП бр.1007, КО Долно Количани, Општина Студеничани, со тех.бр.112/22 од декември 2022 година, одобрен од страна на градоначалникот на Општина Студеничани со Решение за одобрување бр.УП1-10-42/16 од 28.2.2023 година, за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13–површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште).

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Студеничани согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Студеничани („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/21).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-12106/10
19 декември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**4775.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна соп-ственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Сериски број | Инвентарен број | Количина (парче) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01667019 | 170293 | 1 |
| 2. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01583019 | 170292 | 1 |
| 3. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02260019 | 170291 | 1 |
| 4. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02025019 | 170290 | 1 |
| 5. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01573019 | 170289 | 1 |
| 6. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02032019 | 170288 | 1 |
| 7. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02347019 | 170287 | 1 |
| 8. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02331019 | 170286 | 1 |
| 9. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02113019 | 170285 | 1 |
| 10. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02308019 | 170284 | 1 |
| 11. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02078019 | 170283 | 1 |
| 12. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02279019 | 170282 | 1 |
| 13. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01555019 | 170281 | 1 |
| 14. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H0350019 | 170280 | 1 |
| 15. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02072019 | 170279 | 1 |
| 16. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02045019 | 170278 | 1 |
| 17. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01565019 | 170277 | 1 |
| 18. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02976019 | 170276 | 1 |
| 19. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02281019 | 170275 | 1 |
| 20. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV$H02273019 | 170274 | 1 |
| 21. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02910019 | 170273 | 1 |
| 22. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02375019 | 170272 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02338019 | 170271 | 1 |
| 24. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01655019 | 170270 | 1 |
| 25. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01069019 | 170269 | 1 |
| 26. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02309019 | 170268 | 1 |
| 27. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02342019 | 170267 | 1 |
| 28. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02919019 | 170266 | 1 |
| 29. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02267019 | 170265 | 1 |
| 30. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02075019 | 170264 | 1 |
| 31. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01057501 9 | 170263 | 1 |
| 32. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01549019 | 170262 | 1 |
| 33. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02124019 | 170260 | 1 |
| 34. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02053019 | 170259 | 1 |
| 35. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01559019 | 170258 | 1 |
| 36. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02283019 | 170257 | 1 |
| 37. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02059019 | 170256 | 1 |
| 38. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H0293019 | 170255 | 1 |
| 39. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02358019 | 170253 | 1 |
| 40. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02938019 | 170252 | 1 |
| 41. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02036019 | 170251 | 1 |
| 42. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02365019 | 170249 | 1 |
| 43. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02930019 | 170248 | 1 |
| 44. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01550019 | 170247 | 1 |
| 45. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02084019 | 170246 | 1 |
| 46. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02088019 | 170245 | 1 |
| 47. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02351019 | 170244 | 1 |
| 48. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02971019 | 170242 | 1 |
| 49. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02066019 | 170241 | 1 |
| 50. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H0116019 | 170238 | 1 |
| 51. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02083019 | 170237 | 1 |
| 52. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02304019 | 170236 | 1 |
| 53. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H02054019 | 170235 | 1 |
| 54. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20" | ETV4H01589019 | 170234 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 55. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20” | ETV4H01592019 | 170233 | 1 |
| 56. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20” | ETV4H02070019 | 170232 | 1 |
| 57. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20” | ETV4H01543019 | 170231 | 1 |
| 58. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20” | ETV4H01571019 | 170230 | 1 |
| 59. | Монитор | Производител: BENQ<br>Модел: GL2070 20” | ETV4H02037019 | 170229 | 1 |
| 60. | Проектор | Производител: BENQ<br>Модел: MH741 | PD66H00581031 | 170228 | 1 |
| 61. | Свич | Производител: TP LINK<br>Модел: T1500G 8PORTEN | 2171265000388 | 170226 | 1 |
| 62. | Рутер | Производител: MIKROTIK<br>Модел: CR5326 KLAUDRUTER | 763c08ab7861 | 170225 | 1 |
| 63. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584K1 | 170206 | 1 |
| 64. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC73296WX | 170205 | 1 |
| 65. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584L0 | 170204 | 1 |
| 66. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584K4 | 170203 | 1 |
| 67. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584LR | 170202 | 1 |
| 68. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584KD | 170201 | 1 |
| 69. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC73282MB | 170195 | 1 |
| 70. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC3282LW | 170194 | 1 |
| 71. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584KK | 170193 | 1 |
| 72. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC7297SC3 | 170192 | 1 |
| 73. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584LV | 170191 | 1 |
| 74. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584LQ | 170190 | 1 |
| 75. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584MS | 170189 | 1 |
| 76. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584LS | 170188 | 1 |
| 77. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC7297X5Z | 170187 | 1 |
| 78. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584KL | 170186 | 1 |
| 79. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584KJ | 170185 | 1 |
| 80. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584N1 | 170184 | 1 |
| 81. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC7297SBP | 170183 | 1 |
| 82. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584LK | 170182 | 1 |
| 83. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC73282M6 | 170181 | 1 |
| 84. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584L5 | 170180 | 1 |
| 85. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584N2 | 170179 | 1 |
| 86. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584MR | 170178 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 87. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584KC | 170177 | 1 |
| 88. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584N3 | 170176 | 1 |
| 89. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584M3 | 170175 | 1 |
| 90. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC7297SBT | 170174 | 1 |
| 91. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584M9 | 170173 | 1 |
| 92. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC7297SCX | 170172 | 1 |
| 93. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC73296TL | 170171 | 1 |
| 94. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC73282MW | 170170 | 1 |
| 95. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584MG | 170169 | 1 |
| 96. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584L8 | 170168 | 1 |
| 97. | Компјутер | Производител: HP<br>Модел: THIN CLIENT T 520 | CZC74584LM | 170167 | 1 |
23. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.

24. Сопственикот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да го пренесува на трети лица пред исполнување на обврските од договорот за отуѓување на истото. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

25. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од три дена од одржаното електронско јавно наддавање. По приговорот со решение Комисијата е должна да одлучи во рок од пет дена од приемот на истиот.

26. Против решението донесено од страна на комисијата, со кое се одлучува по поднесен приговор, странката има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

27. Висината на посебните трошоци во постапката за отуѓување на градежното земјиште изнесуваат 10% од вредноста на банкарската гаранција за сериозност на понудата, но не повеќе од 15.000,00 денари.

Оваа објава ќе биде објавена и на WEB - страницата на Општина Градско, www.gradsko.gov.mk, како и на WEB-страницата www.gradezno-zemjiste.mk.

Комисија за спроведување на
постапка за јавно наддавање

**Огласи**

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОБЈАВА БР.66

ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ВО ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, предвидено со :

Урбанистички план за вон неселено место,Измена и доплна на Урбанистички план за село Долно Коњари БЛОК 4, Б5, Б18, Б21, Б22, Б23, Б24, Б25, КО Средно Коњари,општина Петровец, согласно Одлука бр.07-1107/5 од 03.09.2012.

Локално-урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени објекти на КП 1800, КП 1801, КП 1802, КП 1799, КП 1803, КП 1798, КП 1804, КП 1805, КП 1812/1, КП 1797, КП 1796, КП 1795, КП 1806, КП 1794, КП 1793, КО Средно Коњари, општина Петровец.Одобрена со Решение на Градоначалиник: бр.09-319/11 од 02.03.2021г.

Согласно Табеларен преглед во кој се дадени податоци за градежните парцели, број на катастарските парцели опфатени со градежнита парцела, наменита, максимална висина на катност, вкупна површина на градежната парцела, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, максимална површина за градење, бруто развиена површина и банкарска гаранција.

Табеларен преглед во прилог:

Табеларен преeглед со нумерички податоци на ниво на парцели во плански опфат

| Ред. бр. | Број на град. парц. | Намена на градежна парцела | Површи на на градежна парцела ($м^2$) | Катастрски парцели во ГП | Површ на за градба во ГП ($м^2$) | Проц. на изград. (%) | Коеф. на искор ист. (%) | Бруто разв. површ. ($м^2$) | Кат. | Максим. Височина | Почет. цена по $м^2$ (денар) | Вкупна Почетна цена (денари) | Висина на банкарска гаранција (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 25.10 | А-1 домување во станбени куќи | 1450,00 | КП 471/53 КО Долно Коњари | 196,00 | 14 | 0,54 | 784,00 | П+2+Пк | 10,20 | 61,00 | 88.450,00 | 88.450,00 |
| 2. | 24.12 | А-1 домување во станбени куќи | 2.507,00 | КП 471/67 КО Долно Коњари | 196,00 | 8 | 0,33 | 784,,00 | П+2+Пк | 10,20 | 61,00 | 152.927,00 | 152.927,00 |
| 3. | 32 | А-1 домување во станбени куќи | 313,00 | КП 1812/56 КО Средно Коњари | 144,00 | 46,03 | 1,84 | 576,00 | П+2+Пк | 10.20 | 61,00 | 19.093,00 | 19.093,00 |
| 4. | 29 | А-1 домување во станбени куќи | 294,00 | КП 1812/53 КП 1805/2 | 144,00 | 61,99 | 1,24 | 576,00 | П+2+Пк | 10,20 | 61,00 | 17.995,00 | 17.995,00 |

**Огласи**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | КО Средно Коњари | | | | | | | | | |
| 5. | 5 | А-1 домување во станбени куќи | 388,00 | КП 1812/28 КО Средно Коњари | 180,00 | 46,27 | 1,85 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 23.729,00 | 23.729,00 |
| 6. | 77 | А-1 домување во станбени куќи | 300,00 | КП 1812/113 КО Средно Коњари | 144,00 | 47,91 | 1,92 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 18.361,00 | 18.361,00 |
| 7. | 92 | А-1 домување во станбени куќи | 527,00 | КП 1812/128 КО Средно Коњари | 199,00 | 37,78 | 1,51 | 796,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 32.147,00 | 32.147,00 |
| 8. | 38 | А-1 домување во станбени куќи | 403,00 | КП 1804/6 КП1812/61 КО Средно Коњари | 144,00 | 35,75 | 1,43 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 24.583,00 | 24.583,00 |
| 9. | 39 | А-1 домување во станбени куќи | 402,00 | КП 1804/7 КП1812/62 КО Средно Коњари | 144 | 27,02 | 1,08 | 756,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 24.522,00 | 24.522,00 |
| 10. | 40 | А-1 домување во станбени куќи | 333,00 | КП 1812/63 КП1805/5 КО Средно Коњари | 144 | 43,24 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.313,00 | 20.313,00 |
| 11. | 25 | А-1 домување во станбени куќи | 301,00 | КП 1812/49 КО Средно Коњари | 144,00 | 47,84 | 1,91 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 18.361,00 | 18.361,00 |
| 12. | 42 | А-1 домување во станбени куќи | 333,00 | КП 1805/7 КП1812/65 КО Средно Коњари | 144,00 | 43.24 | 1.73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.313,00 | 20.313,00 |
| 13. | 75 | А-1 домување во | 332,00 | КП 1812/111 | 144,00 | 43,41 | 1,74 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.252,00 | 20.252,00 |

**Огласи**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | станбени куќи | | КО Средно Коњари | | | | | | | | | |
| 14. | 28 | А-1 домување во станбени куќи | 397,00 | КП 1812/51, КП 1812/52 и КП 1804/2 КО Средно Коњари | 120,00 | 30,27 | 1,21 | 480,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 24.217,00 | 24.217,00 |
| 15. | 24 | А-1 домување во станбени куќи | 429,00 | КП 1812/48 КО Средно Коњари | 180,00 | 41,93 | 1,68 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 26.169,00 | 26.169,00 |
| 16. | 30 | А-1 домување во станбени куќи | 306,00 | КП 1812/3 и КП 1812/54 КО Средно Коњари | 144,00 | 46,97 | 1,88 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 18.666,00 | 18.666,00 |
| 17. | 44 | А-1 домување во станбени куќи | 333,00 | КП 1812/67 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,24 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.313,00 | 20.313,00 |
| 18. | 50 | А-1 домување во станбени куќи | 530,00 | КП 1812/73 КП1806/5 КП1812/98 КО Средно Коњари | 144,00 | 27,19 | 1,09 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 32.330,00 | 32.330,00 |
| 19. | 51 | А-1 домување во станбени куќи | 332,00 | КП 1812/74 КП1806/7 КП1812/99 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,35 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.252,00 | 20.252,00 |
| 20. | 52 | А-1 домување во станбени куќи | 377,00 | КП1806/6 КП1812/100 КО Средно Коњари | 144,00 | 38,17 | 1,53 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 22.997,00 | 22.997,00 |
| 21. | 54 | А-1 домување во станбени куќи | 320,00 | КП 1812/75 КП1806/9 КП1812/76 КО Средно Коњари | 144,00 | 45,03 | 1,80 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 19.520,00 | 19.520,00 |

**Огласи**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | 55 | А-1 домување во станбени куќи | 420,00 | КП 1804/10 КП1812/78 КО Средно Коњари | 180,00 | 42,84 | 1,71 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 25.620,00 | 25.620,00 |
| 23. | 58 | А-1 домување во станбени куќи | 324,00 | КП 1812/81 КП1805/10 КО Средно Коњари | 144,00 | 44,45 | 1,78 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 19.764,00 | 19.764,00 |
| 24. | 62 | А-1 домување во станбени куќи | 332,00 | КП 1812/85 КП11796/1 КП1795/3 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,39 | 1,74 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.252,00 | 20.252,00 |
| 25. | 64 | А-1 домување во станбени куќи | 593,00 | КП 1812/87 КП1795/4 КО Средно Коњари | 144,00 | 24,27 | 0,97 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 36.173,00 | 36.173,00 |
| 26. | 70 | А-1 домување во станбени куќи | 421,00 | КП 1812/103 КО Средно Коњари | 144,00 | 34,24 | 1,37 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 25.681,00 | 25.681,00 |
| 27. | 82 | А-1 домување во станбени куќи | 469,00 | КП 1812/118 КО Средно Коњари | 144,00 | 30,70 | 1,23 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 28.609,00 | 28.609,00 |

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

Сите домашни и странски, физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на градежното земјиште на територијата на Република Северна Македонија согласно со законот кои ги исполнуваат условите дадени во објавата, односно:

1.Физички лица: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД, а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Македонија.

2.Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистер на Република Северна Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД, а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните домашни и странски, физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање исклучиво во електронски форма преку информацискиот систем поставен на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk со пополнување на електронски образец кој го потпишува со валиден дигитален сертификат, издаден од овластен издавач, за секоја градежна парцела поединечно во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава, податоци за подносителот на пријавата и кои документи се составен дел на пријавата, комплетирана со следниве докази (приложени во електронска форма во оригинал или фотокопии заверени на нотар и потпишани со дигитален потпис и полномошно на носителот на дигиталниот потпис заверена на нотар, за секоја градежна парцела одделно):

1. Пополнета пријава во електронска форма од страна на подносителот на интернет страната www.gradezno-zemjiste.mk , во која се наведени податоците за што се однесува истата се доставува во прилог на пријавата.Пријава од подносителот, во која се наведени податоците за подносителот на пријавата, податоци за предметното градежно земјиште на кое се однесува пријавата и која документација се доставува во прилог на пријавата (*истата треба да биде потпишана со електронски потпис).

2. Скенирана Банкарска гаранција за сериозност на понудата во износ наведен во табеларниот преглед, за секоја градежна парцела поединечно од оваа објава, со рок од 24 (дваесет и четири) месеци од денот на објавувањето со која понудувачот ќе гарантира дека доколку добие статус на најповолен понудувач ќе ја плати крајно постигнатата цена за отуѓување на градежното земјиште на електронското јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор на најповолен понудувач.

Подносителот на пријавата има обврска банкарската гаранција да ја достави писмено преку Архивата на општина Петровец до „Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште„ во оргинал во затворен коверт со назанака „не отварај„ и се повикува на бројот на јавната објава заклучно со истекот на рокот за пријавување.

3. За физичките лица - Уверение за државјанство (во скенирана форма)- (не постаро од 6 шест месеци).

4. За правните лица доказ за Регистрација на правното лице од соодветен регистар – (во скенирана форма) ( не постара од 30 (триесет) дена.

5. Нотарски заверено полномошно во скенирана форма за полномошникот што го претставува правното лице, доколку пријавата се поднесува преку полномошник.

**Огласи**

6. E-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање и која ќе служи за пристап на интернет станицата на која ќе се одвива електронското јавно наддавање за конкретната парцела. (за подносителите на пријави кои ќе достават погрешна е-маил адреса, Општина Петровец нема обврска да прима и врши корекции на истата).

7. Изјава со која подносителот ги прифаќа условите во објавата (потпишана со дигитален потпис).

Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.

Подносителите на пријавите, задолжително треба да имаат електронски дигитален сертификат (електронски потпис) за да можат да поднесат пријава за учество на јавното наддавање и да учествуваат на истото.

Доколку се учествува на електронско јавно наддавање на повеќе од една градежна парцела, се поплнува поединечна пријава за секоја градежна парцела, за што се доставува и посебна банкарска гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела посебно.

ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежните парцели е наведена во Табеларниот преглед, каде за намена А-1 домување во куќи почетната цена изнесува 61,00 ден/ м2.

БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА

1. Банкарската гаранција за сериозност на понудата е во износ кој за секоја градежна парцела поединечно утврдена во Табеларниот преглед на оваа објава.

2. Доставента банкарската гаранција за сериозност на понудата на најповолниот понудувач ќе биде активирана ако најповлониот понудувач не ги уплати средстватаво рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор и не достави до Комисијата доказ за извршена уплата на вкупната постигната цена на јавното наддавање и нема да се пристапи кон склучување на договор и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање.

РОКОВИ

Пријавите за учество на јавното наддавање потпишани со дигитален потпис, заедно со целокупната потребна документација (скенирана и дигитално потпишана) по електронски пат можат да се достават до 9.1.2024 година до 15.00 часот, електронски на следната интернет страна: www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање ќе се оддржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање ќе се одржи на 11.1.2024 година и истото ќе започне во:

ЗА ГП определена со ЛУПД

- 9:00 часот за градежната парцели во Табеларниот преглед од реден број 1, ГП 25.10 и истото ќе трае 15 минути.
- 9:15 часот за градежната парцели во Табеларниот преглед од реден број 2, ГП 24.12 и истото ќе трае 15 минути.
- 9.30 часот за градежната парцели во Табеларниот преглед од реден број 3, ГП 32 и истото ќе трае 15 минути.
- 9:45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 4, ГП 29 и истото ќе трае 15 минути.
- 10:00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 5, ГП 5 и истото ќе трае 15 минути.
- 10:15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 6, ГП 77 и истото ќе трае 15 минути.
- 10:30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 7, ГП 92 и истото ќе трае 15 минути.
- 10:45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 8, ГП 38 и истото ќе трае 15 минути.
- 11:00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 9, ГП 39 и истото ќе трае 15 минути.
- 11:15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 10, ГП 40 и истото ќе трае 15 минути.
- 11:30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 11, ГП 25 и истото ќе трае 15 минути.
- 11:45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 12, ГП 42 и истото ќе трае 15 минути.
- 12:00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 13, ГП 75 и истото ќе трае 15 минути.
- 12:15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 14, ГП 28 и истото ќе трае 15 минути.
- 12:30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 15, ГП 24 и истото ќе трае 15 минути.
- 12:45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 16, ГП 30 и истото ќе трае 15 минути.
- 13:00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 17, ГП 44 и истото ќе трае 15 минути.
- 13:15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 18, ГП 50 и истото ќе трае 15 минути.
- 13:30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 19, ГП 51 и истото ќе трае 15 минути.
- 13:45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 20, ГП 52 и истото ќе трае 15 минути.
- 14:00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 21, ГП 54 и истото ќе трае 15 минути.
- 14:15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 22, ГП 55 и истото ќе трае 15 минути.
- 14:30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 23, ГП 58 и истото ќе трае 15 минути.
- 14:45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 24, ГП 62 и истото ќе трае 15 минути.
- 15:00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 25, ГП 64 и истото ќе трае 15 минути.
- 15:15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 26, ГП 70 и истото ќе трае 15 минути.
- 15:30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 27, ГП 82 и истото ќе трае 15 минути.

ПОСТАПКА

1.Комисијата преку електронскиот систем при www.gradezno-zemjiste.mk ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот

за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација автоматски им доставува корисничко име и лозинка за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува Известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2.Подносителите на пријавите за да може да поднесат електронска пријава и да учествуваат на електронското јавно наддавање потребно е да имаат дигитален сертификат (потпис).

3.На денот на одржување на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и шифрата која ја добиле на e-mail адресата доставена во прилог на пријавата за учество на елетронското јавно наддавање.

4.Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање.

5.Електронското јавното наддавање го следи Комисија за спроведување на постапките за јавно наддавање, формирана од Градоначалникот на Општина Петровец.

6.Електронското јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

7. За градежните парцели со намена А-1 домување во станбени куќи наддавањето се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој „чекор“ не помалку од 10:00 денари во цели броеви без децимали.

8.Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа Објава, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Јавното наддавање се продолжува неограничен број пати се додека во истекот на последните две минути е дадена понуда од страна на учесниците.

9.За успешно спроведена постапка на јавно наддавање потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена по метар квадратен.

10.Учесникот на јавното наддавање кој понудил најголема цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

11.Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

12.По завршувањето на постапката за јавното наддавање, Комисијата е должна во рок од 3 (три) работни дена да достави барање за мислење до Државното правобранителство на Република Северна Македонија по однос на нацрт-текстот на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

13.Државното правобранителство на Република Северна Македонија е должно да достави мислење по однос на нацрт-текстот на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во рок од 30 (триесет) дена од добивањето на барањето за мислење. Доколку во рок од 30 (триесет) дена Државното правобранителство на Република Северна Македонија не достави мислење, ќе се смета за позитивно.

14.По прибавување на позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Комисијата во рок од 3 (три) работни дена до најповолниот понудувач доставува Известување за избор на најповолен понудувач.

15.Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Известувањето дека е најповолен понудувач на јавното наддавање, да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, да ги уплати трошоците на постапката во износ од 10% од банкарската гаранција за сериозност на понудата но не повеќе од 15.000,00 денари, да ги достави до Комисијата оригиналните докази приложени со пријавата и да достави доказ за извршена уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и уплатени трошоци на постапката.

16.Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето во утврдениот рок, не ги уплати трошоците на постапката во износ од 10% од банкарската гаранција за сериозност на понудата но не повеќе од 15.000,00 денари, не ги достави до Комисијата оригиналните докази приложени со пријавата и не достави доказ за извршена уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и уплатени трошоци на постапката, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор за отуѓување, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

17.Доколку најповолниот понудувач ги уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето во утврдениот рок, а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор уплатените средства согласно постигнатата крајна цена не му се враќаат, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор за отуѓување, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

18.По извршената уплата во утврдениот рок и доставата на оригиналните докази приложени со пријавата и доказот за извршена уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето за градежната парцела наведена во табеларниот преглед, Градоначалникот на општина Петровец во рок од 5 (пет) работни дена склучува договор со најповолниот понудувач за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Со договорот најповолниот понудувач (купувачот) се обврзува во рок од 9 (девет) месеци од извршената солемнизација на договорот за градежната парцела која што е со површина до 5.000 м², да обезбеди одобрение за градба на предвидениот објект согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено, односно во рок од 12 (дванаесет) месеци од извршената солемнизација на договорот за градежните објекти над 5.000 м2 и да го изгради објектот согласно Урбанистичкиот по кој земјиштето е отуѓено. Со договорот најповолниот понудувач се обврзува да го изгради објектот согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено во рок согласно со одредбите од Законот за градење а согласно со категоризацијата на градба, во спротивно, доколку купувачот не извади одобрение за градење во предвидениот рок односно доколку објектот не се изгради во определениот рок по вина на купувачот, истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 1,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање за предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање за предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и

секоја наредна година од истекот на рокот.Неисполнувањето на овие обврски односно по паѓање во задоцнување со исполнување на овие обврски три месеци последователно од страна на купувачот претставува основ отуѓувачот по три месечни последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот односно да побара наплата на договорната казна и претставува основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето не му се враќаат на купувачот.

19. Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое е предмет на оваа објава се до исполнување на обврските од договорот не може да биде дел од стечајна маса.

20. Најповолниот понудувач (купувач) се обврзува да го плати данокот на промет на недвижности што ќе произлезе како обврска по склучениот Договор за отуѓување на градежното земјиште.

21. По склучувањето на договорот, општина Петровец во рок од 1 (еден) ден електронски го доставува до даночно одделение за утврдување на данокот на промет на недвижности. Купувачот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од добивањето на решението за утврдување на данок на промет на недвижност да го плати данокот и да достави доказ за извршена уплата.

22. По доставување на доказ за извршена уплата на данокот на промет на недвижност, купувачот во рок од 30 (триесет) дена електронски го доставува договорот кај нотар заради спроведување на постапка за солемнизација. Купувачот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 (триесет) дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар.

23. Неисполнувањето на обврските од точките 21 и 22 од оваа Објава по вина на купувачот претставуваат основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната цена не му се враќаат на купувачот.

24. Во цената за отуѓување не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.

25. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности на Република Северна Македонија паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.Во случај на раскинување на договор по вина на купувачот, истиот е обврзан да плати данок на промет и нотарски трошоци.

26. Купувачот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да го пренесува на трети лица. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите. Неисполнувањето на оваа обврска преставува основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната цена не му се враќаат на купувачот.

27. Купувачот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее, без претходна согласност, да го заложува или на друг начин оптоварува земјиштето и објектите кои на истото ќе бидат изградени, се до завршувањето на градбата и бришење на прибелешката од точка 26 во јавните книги. Оваа забрана се прибележува во јавните книги.

28. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од 3/(три) дена од денот на одржување на електронското јавно наддавање.Приговорот се поднесува во писмена форма до Комисијата, која е должна да одлучи со Решение во рок од 5/(пет) работни дена од приемот на истиот. Против Решението донесено од страна на комисијата со кое се одлучува по поднесен приговор странката има право да поднесе жалба во рок од 15/(петнаесет) дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

29. Во случај на грешка во преводот на албански јазик, предвид ќе се земе објавата огласена на македонски јазик.

Оваа објава ќе биде објавена и на web-страницата на Општина Петровец, www.petrovec.gov.mk.

Комисија за спроведување на постапка
за електронско јавно наддавање.
Општина Петровец

---

ОПШТИНА САРАЈ

Комисијата за спроведување на постапки за отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање, постапувајќи по службена должност во врска со ОБЈАВА бр.02/2023 со архивски бр.2107-1077 од 13.12.2023-година за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно надавање, врз основа на член 58 став (5), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19), Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Објавата бр.02/2023 со архивски бр.2107-1077 од 13.12.2023 за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање, предвидено со УП Сарај Блок 41 за изградба на станбени згради м.в. Сарај – Општина Сарај – Скопје одобрено со Одлука на Советот на Општина Сарај бр.07-234/1 од 28.9.2010 и Одлука за техничка исправка бр. 0901-63/1 од 11.3.2021 година, со намена на градба А2-Домување во станбени згради, со компатибилни класи на намени Б1-20%; Б2-30%; Б4-20%, В3-40%; В4-10%; В5-5%; Д3-40% предмет на Објава бр.02/2023 СЕ ПОНИШТУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Сарај даде Објава во дневните печатени медиуми „Нова Македонија“, „Слободен Печат“, и „Коха“ како и „Службен весник на РСМ“ за да истото биде објавено на ден 18.12.2023 година.

Поради настанати непредвидени околности кои го оневозможуваат понатамошното водење на постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственот за Република Северна Македонија по пат на јавно наддавање, односно објавата во „Службен весник на РСМ“ е објавено на ден 15.12.2023 односно 3 (три) дена пред објавата во дневните весници, кои објавата ја објавиле на 18.12.2023 година.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спроведување на постапки за отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Општина Сарај
Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

**Огласи**

ОПШТИНА КОЧАНИ

О Б Ј А В А
ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, предвидено со Измена и дополна на Детален урбанистички план за град Кочани, донесен со Одлука бр.07-138 од 16.7.1998 година со намена на градба индвидуално домување и ДУП за градска четврт 9 за проект "Купи Куќа за млади" донесен со Одлука бр.09-2786/1 од 28.12.2018 година со намена за изградба на објекти за домување во стамбени куќи – А1 со компатибилна класа на намена и максимален процент на учество на единечна класа на намена Б1 (мали комерцијални и деловни намени) – 10%, согласно Табеларен преглед бр.1 во кои се дадени податоци за градежните парцели, за катастарските парцели кои се опфатени со градежните парцели, вкупна површина на градежната парцела, површина за градење, максимална висина до венец, процент на изграденост, коефициент на искористеност, бруто развиена површина за изградба, почетна цена по м2, вкупна почетна цена и банкарска гаранција за сериозност на понудата.

**1. Индивидуално домување - табеларен преглед бр.1**

| Број на градежна парцела | Број на катастарска парцела | Викано место | Површ. на градеж. парцела (м2) | Површ. на градба (м2) | Максимална висина до венец (м) | Процент на изграденост (%) | Бруто развиена површина | Коеф.на искористеност | Почетна цена по м2 (денари) | Вкупна почетна цена (денари) | Банкарска гаранција за сериозност на понудата (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.30 | 15915/121<br>15915/145 | Февруарски поход | 181 | 120 | 7,20 | 54 | 120 | 0,66 | 61,00 | 11,041,00 | 11,041,00 |
| 3.31 | 15915/120<br>15915/146 | Февруарски поход | 184 | 120 | 7,20 | 54 | 120 | 0,65 | 61,0 | 11,224,00 | 11,224,00 |
| 3.32 | 15915/119 | Февруарски поход | 178 | 120 | 7,20 | 55 | 120 | 0,67 | 61,0 | 10,858,00 | 10,858,00 |
| 3.33 | 15915/118 | Февруарски поход | 287 | 120 | 7,20 | 41 | 120 | 0,42 | 61,0 | 17,507,00 | 17,507,00 |
| А53.34 | 12743/23<br>12739/2<br>16838/6 | „Пиринска“ | 294 | 120 | 8,70 | 40 | 360 | 1.0 | 61,00 | 17,934,00 | 17,934,00 |
| А53.36 | 12743/24<br>12739/3<br>16838/7 | „Пиринска“ | 325 | 126 | 8,70 | 39 | 378 | 1,1 | 61,00 | 19.825,00 | 19,825,00 |
| 2.20 | 15915/150 | „Митко Тодоров“ | 202 | 120 | 7,20 | 59 | 120 | 0,59 | 61,00 | 12.322,00 | 12,322,00 |
| 2.21 | 15915/151 | „Митко Тодоров“ | 192 | 105,40 | 7,20 | 55 | 120 | 0,62 | 61,00 | 11.712,00 | 11,712,00 |

ГП бр.3.30, ГП бр.3.31, ГП бр.3.32, ГП бр.3.33, ГП бр.2.20, ГП 2.21 се со намена за изградба на објекти за домување во станбени куќи -А1 со компатибилна класа на намена и максимален процент на учество на единечна класа на намена на основната класа на намена Б1(мали комерцијални и деловни намени) -10% и ГП бр.А53.34, ГП бр.А53.36 со намена на изградба на објекти за индивидуално домување.

Објектите кои ќе бидат изградени ќе се приклучат на фекалната канализација на улиците према кои е регулационата линија. Подрумите и деловите на објектите кои се под нивото на улицата каде е регулационата линија нема да бидат приклучени на фекалната канализација.

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

1. Физички лица: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

2. Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистер на Република Северна Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД, а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање по електронски пат, преку информацискиот систем поставен на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk, со пополнување на електронски образец кој го потпишува со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач за секоја градежна парцела поединечно, во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава и кои документи се составен дел на пријавата, комплетирана со следните докази (приложени во електронска

**Огласи**

форма во оригинал или фотокопии заверени на нотар и потпишани со дигитален потпис и полномошно на носителот на дигиталниот потпис заверено на нотар):

1. Пријава од подносителот, во која се наведени податоци за подносителот на пријавата, податоци за предметното земјиште на кое се однесува пријавата и која документација се доставува во прилог потпишана со дигитален потпис;

2. Банкарската гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела е утврдена согласно Табеларенот преглед бр.1 даден во оваа објава со рок на важност до 30.9.2024 година, со која понудувачот ќе гарантира дека доколку добие статус на најповолен понудувач ќе ја уплати крајно постигнатата цена за отуѓување на градежното земјиште на електронското јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор на најповолен понудувач. Подносителот на пријавата има обврска за Табеларенот преглед бр.1, банкарската гаранција покрај електронската форма прикачена во системот, истата да ја достави до Општина Кочани во оригинал во рокот определен за поднесување на пријавата заклучно со 15.1.2024 година.

3. За физичките лица уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци);

4. За правните лица доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистар (не постаро од 6 месеци);

5. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството овластено одговорно лице за правното лице заверено на нотар;

6. Изјава со која подносителот ги прифаќа условите предвидени во објавата потпишана со дигитален потпис;

7. e-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање (за подносителите на пријави кои ќе достават погрешна е-маил адреса, Општина Кочани нема обврска да прима и врши корекции на истата).

Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.

Комисијата по истекување на рокот за поднесување на пријавите, утврдува дали пријавите се комплетирани и поднесени во согласност со условите од објавата. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и лозинка за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

Подносителите на пријавите задолжително треба да имаат електронски дигитален сертификат (потпис) за да можат да поднесат пријава за учество на јавното наддавање и да учествуваат на истото.

Доколку учесникот се пријавува за повеќе од една градежна парцела, се пополнува поединична пријава за секоја градежна парцела, за што се доставува и посебна банкарска гаранција за сериозност на понудата.

ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежните парцели наведени во Табеларен преглед бр.1 изнесува 61 денар од метар квадратен.

БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела е утврдена согласно Табеларен преглед бр.1 и изнесува 100% од вкупната почетна цена за секоја градежна парцела. Истата да се достави во оригинал во рокот определен за поднесување на пријава за Табеларен преглед бр.1 заклучно со 15.1.2024 година до 15:30 часот во Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани во затворен бел плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ" за "Електронско јавно наддавање" како и бројот за која градежна парцела се однесува банкарската гаранција, без никакви други обележја.

РОКОВИ

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање по Табеларен преглед бр.1 да се достават до 15.1.2024 година, електронски на следната интернет адреса: www.gradezno-zemjiste.mk.

Јавното наддавање ќе се оддржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање за ГП бр.3.30 ќе започне на 17.1.2024 година, во 08:00 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр.3.31 ќе започне на 17.1.2024 година, во 08:30 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр.3.32 ќе започне на 17.1.2024 година, во 09:00 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр. 3.33 ќе започне на 17.1.2024 година, во 09:30 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр. А53.34 ќе започне на 17.1.2024 година, во 10:00 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр. А53.36 ќе започне на 17.1.2024 година, во 10:30 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр. 2.20 ќе започне на 17.1.2024 година, во 11:00 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП бр. 2.21 ќе започне на 17.1.2024 година, во 11:30 часот, и истото ќе трае 15 минути.

ПОСТАПКА

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува корисничко име и лозинка за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2. На денот на одржување на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и лозинката која ја добиле на e-mail адресата, доставена во прилог на пријавата за учество на јавното наддавање.

3. Електронското јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање, за секоја градежна парцела посебно,кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена.

**Огласи**

4. Електронското јавното наддавање го следи Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Кочани.

5. Електронското јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

6. Наддавањето се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој „чекор“ не помалку од 10 денари за градежните парцели во Табеларниот преглед бр.1.

7. Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа објава, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

8. Учесникот на јавното наддавање кој понудил најголема цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

9. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

10. По завршување на постапката за јавно наддавање, Комисијата е должна во рок од три работни дена да достави барање за мислење до Државното правобранителство на Република Северна Македонија по однос на нацрт-текст на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Државното правобранителство на Република Северна Македонија е должно да достави мислење по однос на нацрт-текст на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од добивање на барањето за мислење. Доколку во рок од 30 дена Државното правобранителство на Република Северна Македонија не достави мислење, ќе се смета за позитивно.

11. По прибавување на позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Комисијата во рок од три работни дена до најповолниот понудувач доставува известување за избор на најповолен понудувач.

12. Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од добивање на известувањето за избор на најповолен понудувач е должен да ги уплати средствата и до Комисијата да достави доказ за извршената уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и трошоците на постапката во износ од 10% од вредноста на банкарската гаранција за сериозност на понудата, но не повеќе од 15.000 денари како и целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање (во оргинал или копија заверена кај Нотар).

13. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во утврдениот рок, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

14. Доколку најповолниот понудувач ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од јавното наддавање во утврдениот рок, а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор, уплатените средства за отуѓување на градежното земјиште не му се враќаат, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор.

15. Во рок од пет работни дена по доставување на доказ за извршена уплата и доставување на целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање, Градоначалникот на Општина Кочани во име на Република Северна Македонија склучува договор за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во електронска форма преку информацискиот систем.

16. По склучување на договорот Оштина Кочани во рок од еден ден, електронски го доставува договорот до Одделението за даноци,такси и надоместоци за утврдување на данок на промет на недвижности. Купувачот е должен во рок од 15 дена од добивање на решението за утврдување на данокот на промет на недвижности да го плати данокот и да достави доказ за извршена уплата.

17. По доставување на доказ за извршена уплата на данок на промет на недвижности, купувачот во рок од 30 дена договорот електронски го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Купувачот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар.

18. Доколку купувачот по своја вина не го плати данокот на промет во утврдениот рок од 15 дена  и не достави доказ за извршена уплата, како и не го достави истиот на солемнизација кај надлежен нотар во рок од 30 дена и не ја изврши солемнизацијата на договорот во рок од 30 дена од денот на доставување на договорот кај надлежен нотар, истиот еднострано ќе се раскине и 80% од вкупната сума од отуѓувањето нема да се врати на купувачот.

19. Со договорот купувачот се обврзува во рок од 9 месеци од извршената солемнизација на договорот да прибави одобрение за градење на предвидените објекти согласно урбанистичкиот план по кој земјиштето е отуѓено, за градежната парцела која што е со површина до 5.000 м2, односно 12 месеци од извршената солемнизација на договорот за градежната парцела која што е со површина над 5.000 м2, и е должен да го изгради објектот согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено, во рок согласно со одредбите од Законот за градење, а согласно со категоризацијата на градба.

20. Доколку купувачот не обезбеди одобрение за градење во определениот рок односно доколку објектот не го изгради во определениот рок по вина на купувачот, истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3 % од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот.

21. Неисполнување на обврските, односно по паѓање на купувачот во задоцнување со исполнување на обврската три месеци последователно, претставува основ отуѓувачот по три последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот, односно да побара наплата на договорената казна што претставува и основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето не му се враќаат на купувачот.

22. Раскинување на договорите заради неисполнување на обврските во договорот од страна на купувачот се врши со еднострана изјава на волја на отуѓувачот изјавена од страна на општината преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

23. Обврската за плаќање на нотарски трошоци во случај на раскинување на договорот по вина на купувачот е на самиот купувач.

**Огласи**

24. Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое е отуѓено по пат на јавно наддавање се до исполнување на обврските од договорот, не може да биде дел од стечајна маса.

25. Минималниот процент кој треба да биде изграден од вкупно развиената површина за градење предвидена со урбанистичкиот план за предметната градежна парцела не смее да биде помалку од 30%.

26. Сопственикот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да го пренесува на трети лица пред исполнување на обврските од договорот за отуѓување на истото. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите. По исклучок доколку сопственик на градежното земјиште е странско правно лице, градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање може да го пренесе во сопственост на домашно правно лице во кое странското правно лице мора да биде единствен сопственик се до моментот на исполнување на обврските од договорот за отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање.

27. Купувачот е должен во рок од 15 дена од добивање на решението за утврдување на данокот на промет на недвижности да го плати данокот на промет и да достави доказ за извршената уплата.

28. Во цената на градежното земјиште не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.

29. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.

